**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

## АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ПАВЕЛ ШАТЕВ

- Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев се залага за **примена на принципот на владеење на правото и заштита на човековите права**, преку **унапредување и обезбедување независно, непристрасно, високо професионално и ефикасно правосудство**.
- Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев се стреми кон спроведување **професионални обуки** за идните и постојните судии и јавни обвинители, со што има **клучна улога во јакнење на независноста и стручноста на правосудните институции**.
- Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев дава активен придонес во **градење на европски профил на судиите, јавните обвинители и на судско обвинителската администрација**, преку користење **напредни методи во организирање високо квалитетни почетни и континуирани обуки**.
- Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев **остварува домашна и меѓународна соработка** со релевантни институции, во насока на создавање **современ правосуден систем**, кој ќе се заснова на **високите европски вредности** и ќе биде **целосно хармонизиран со европската легислатива и меѓународните стандарди**.
- Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев преку своите активности се стреми да ја **подигне довербата на граѓаните во правосудните институции** и преку своите заложби да **обезбеди полесен и поефикасен пристап до правдата**.
- Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев се стреми кон развивање и имплементација на **системски и процесен пристап во своето функционирање**, со цел обезбедување **високо квалитетни услуги во своето работење.**
- Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев спроведува **идентификација, планирање, воведување, контрола и постојано унапредување на сите процеси** кои имаат влијание врз квалитетот на услугите.
- Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев го поддржува **Системот за управување со квалитет** во согласност со барањата на меѓународниот **стандард ISO 9001:2015** и се стреми да одржува **тим од високо квалификуван и мотивиран персонал.**
- Раководството на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев периодично извршува **контрола на политиката, функционирањето на системот за управување со квалитет, како и исполнувањето и поставувањето нови цели за квалитет**.

Скопје, 24.1.2022

Директор
проф. д-р Наташа Габер-Дамјановска